# ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ

## РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

# ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ

## РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ОТВОРЕНА ПОРТА/ЛА СТРАДА | ДЕКЕМВРИ 2024

Издавач: **Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе - Отворена порта/Ла Страда**

*Благодарност до Билјана Лубаровска за нејзината експертска поддршка на тимот во подготовката на извештајот за Процена на потребите. Таа даде значаен придонес во содржината, методологијата и спроведувањето на интервјуата. Исто така, нејзината поддршка беше клучна во анализата на заклучоците и формулирањето на препораките, значително придонесувајќи кон квалитетот и релевантноста на извештајот.*

Графичко уредување: 2by4 Digital

декември 2024

**Отворена Порта/ Ла Страда**

+389 2 2 700 107

lastrada@lastrada.org.mk

www.lastrada.org.mk

**СОС линија: 0800 11111**

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот ,,Слушнете го гласот на тргуваните лица и борете се против организираниот криминал", финансиран од Европската Унија. Содржината на овој извештај е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **Извршно резиме** | 5 |
| **Дефиниција** | 7 |
| **Вовед** | 8 |
| **Анализа на ситуацијата** | 9 |
| **Процена на потребите** | 13 |
| **Предизвици во пристапот до услуги** | 17 |
| **Заклучоци** | 20 |
| **Препораки** | 22 |
| **Прилози** | 23 |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## КЛУЧНИ НАОДИ

- Понудените услуги за жртвите на трговија со луѓе покриваат широк спектар на поддршка, вклучувајќи здравствена заштита, психијатриски третман, правна помош, сместување, образованието и вработувањето.
- Институциите користат државни ресурси за реинтеграција, но исто така во голема мера зависат од граѓанскиот сектор за психосоцијална поддршка, обуки и правна помош. Постои добра пракса на граѓанските организации (ГО) како даватели на услуги.
- Недостатокот на континуирана поддршка по напуштањето на засолништето е голем предизвик за жртвите, кои се соочуваат со потешкотии во одржувањето на стабилноста стекната во Центарот за жртви на трговија со луѓе (Центар).
- Има недостаток на специјализирани услуги за реинтеграција надвор од Центарот.
- Континуирана поддршката во постигнувањето на целите е клучна за успешната реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

## ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ

**Социјални и емоционални потреби**: Жртвите на трговија со луѓе често се соочуваат со емоционални и психолошки предизвици, како страв, вознемиреност и изолација, при што губат доверба во другите. Градењето доверба е клучно за нивната успешна реинтеграција. Додека некои добиваат значителна поддршка од семејството и заедницата, други се чувствуваат изолирано и се плашат од осуда. Помошта од старатели и стручните лица е од витално значење.

**Економски и егзистенцијални потреби**: Жртвите на трговија со луѓе изразуваат силна желба за стекнување вештини, вработување и постигнување финансиска независност, но недостатокот од претходно искуство и образование го отежнува процесот. Поддршка во стручна обука, барање работа, финансиска помош и грижа за деца е клучна за подобрување на нивната вработливост и интеграција во општеството. Долгогодишниот престој во засолништето и недостатокот на соодветно алтернативно сместување негативно влијаат на способноста на жртвите на трговија со луѓе да изградат нормален и независен живот.

**Безбедност и закани**: Негативните искуства со органите за спроведување на законот, одложените постапки и недостатокот на сензитивност на некои од професионалците кои работат со жртви на трговија со луѓе, дополнително ја намалуваат нивната доверба, чувство на сигурност и напредок.

**Поддршка за ментално здравје:** На жртвите им е потребна сеопфатна и постојана поддршка за менталното здравје за да се справат со траумата и психолошките последици од трговијата со луѓе. Жртвите имаат пристап до психолошка и психијатриска поддршка додека се во засолништето, вклучувајќи советување, терапија и културни активности. Потребна е посеопфатна и долгорочна грижа за менталното здравје и по напуштање на засолништето, како и зголемен капацитет за сместувања во психијатриска установа.

**Правни потреби**: Жртвите често се движат низ сложени правни процеси и имаат потреба од правна помош, советување и застапување за да ги заштитат своите права и да добијат компензација. Пристапот до бесплатна правна помош и правно застапување е ограничен.

**Идни аспирации:** Жртвите покажуваат силна желба за независност и реинтеграција во општеството, со цел да се вратат во своите заедници, да изградат професионални вештини и да обезбедат вработување. На жртвите им е потребна постојана поддршка, водство и ресурси за да ги постигнат своите цели и да ја задржат својата мотивација по напуштањето на засолништето.

## ПРЕЧКИ ЗА ПРИСТАП ДО УСЛУГИ

Жртвите на трговија со луѓе се соочуваат со значителни пречки во пристапот до услуги, вклучувајќи недостаток на информации, јазични бариери, дискриминација, страв од властите, недостиг на транспорт и високи цени на услугите. Недостатокот на информации и поддршка од институциите ја ограничува нивната способност да ги остварат своите права, да добијат соодветна правна помош, здравствена нега и психолошка поддршка.

Дополнително, ограничениот капацитет на засолништето и недостатокот на алтернативни опции за сместување создаваат долгорочни предизвици, како и ризик од враќање на жртвите во несоодветни или небезбедни средини.

Проблемите во образованието и вработувањето, како и недостиг на стручна обука, но и дискриминација, ги спречуваат жртвите да се интегрираат во заедницата и економски да се осамостојат. Стручните лица исто така се соочуваат со ограничени ресурси и обука, како и со ризик од синдром на прегорување поради недостаток на помош за справување со стресот и секојдневните предизвици. Постојните правни и институционални пропусти ја усложнуваат имплементацијата на програмите за реинтеграција, додека недоволната финансиска поддршка и ниското ниво на вклученост на локалните власти дополнително ја загрозуваат ефикасноста на овие програми.

## ПРЕПОРАКИ

- Да се отворат и лиценцираат повеќе услуги за реинтеграција почнувајќи од Центар за реинтеграција, но вклучувајќи и услуги како советувалиште и куќа на пола пат, кои ќе обезбедат долгорочна поддршка за жртвите по напуштањето на засолништето.
- Да се унапреди соработката меѓу државните институции и граѓанскиот сектор преку зголемена поддршка за ГО со цел да се зајакнат услугите за реинтеграција на жртвите.
- Да се засилат соработката со семејството и заедницата за да се поддржи процесот на реинтеграција.
- Да се формираат програми за обука и вработување за жртвите на трговија со луѓе, со фокус на стручна обука и ориентација на пазарот на труд, како и да се поддржат иницијативи за подигање на свеста на работодавачите.
- Да се создаде механизам преку кој ќе гарантираат безбедност на личните податоци на жртвите на трговија со луѓе при користење на активните мерки за вработување.
- Да се создадат соодветни решенија за сместување на жртвите на трговија со луѓе, базирани на специфичните потреби на жртвите, во согласност со нивната возраст, пол, род, и други релевантни фактори.
- Да се развијат постоечките услуги за деца кои не сакаат или не можат да се вратат во биолошките семејства.
- Да се испита недоволната искористеност на правото на еднократна парична помош и да се предложат мерки за подобрување на пристапот.
- Да се обезбедат поголеми ресурси за психијатриска и психолошка поддршка за жртвите, со фокус на пристапност и континуитет на терапиите и зголемување на капацитетите за сместување во психијатриски установи.
- Да се унапредат законските одредби за бесплатна правна помош и да се обезбеди правна поддршка во текот на целиот правниот процес.
- Потребно е да се обезбеди редовна психолошка поддршка и супервизија за стручните лица кои работат со жртви на трговија со луѓе, со цел да се подобри нивната благосостојба и ефективност во пружањето услуги.

# ДЕФИНИЦИЈА

Во овој дел, го дефинираме терминот реинтеграција кој е клучен за разбирање на овој извештај.

**Реинтеграција**[11] е структуриран процес насочен кон закрепнувањето, економската независност и социјалната вклученост на жртвите на трговија со луѓе. Овој процес ги поддржува во градењето вештини кои се суштински за нивна независност. Успешната реинтеграција подразбира:

- Воспоставување стабилна и безбедна средина каде што жртвите/преживеаните ќе се чувствуваат сигурно.
- Пристап до разумен животен стандард за задоволување на основните потреби.
- Постигнување на ментална и физичка благосостојба и закрепнување.
- Можност за личен, социјален и економски раст, и
- Добивање социјална и емоционална поддршка за градење на лични и социјални врски.

Реинтеграцијата може да го вклучи враќање во семејството, заедницата од каде лицето потекнува или интегрирање во нова заедница.

Реинтеграцијата генерално се одвива во три фази во текот на околу три години: 1. кризен стадиум кога се случува непосредна стабилизација (0-6 месеци). 2. фаза на транзиција кога се работи на развивање на издржливост и ресурси (7 до 12 месеци), и 3. фаза на реинтеграција и вклучување чија крајна цел е постигнување одржлива реинтеграција (13 до 36 месеци).



1 Surtees, R., M. Meshi, S. Tanellari, A. Lila and O. Hinaj (2022) Stages of recovery and reintegration of trafficking victims. A reintegration guide for practitioners. Tiranë: Different and Equal and Washington, D.C.: NEXUS Institute.

# ВОВЕД

**Цел на процената на потребите:** Целта на процената е да се испита какви услуги за реинтеграција се достапни во моментов и какви се потребите на жртвите на трговија со луѓе. Процената ќе помогне да се утврди дали постојат пречки во пристапот до овие услуги и кои се тие пречки, но исто така, ќе се дефинира каква помош и поддршка е потребна за давателите на услуги за да можат ефективно да ги поддржат жртвите на трговија со луѓе.

Оваа процена ќе служи како основа за развој на програма за интеграција од страна на Отворена порта/Ла Страда.

**Методи за собирање податоци**: Процената беше спроведена преку користење интервјуа и анализа на постојни извештаи и информации. Вкупно беа изведени девет интервјуа, од кои четири со професионалци[2] кои директно даваат грижа или поддршка на жртви на трговија со луѓе и пет [3]со жртви на трговија со луѓе (вклучувајќи три возрасни лица и две деца).

2 Претставници од Центрите за социјална работа од Радовиш, Скопје и Тетово и еден претставник на Отворена порта/Ла Страда.

3 Во Северна Македонија во просек се идентификуваат единаесет жртви на трговија со луѓе годишно.

# АНАЛИЗА НА СИТУАЦИЈАТА

Во ова поглавје се анализира правната рамка која ги регулира и поддржува мерките за реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе. Оваа анализа опфаќа различни закони и стратегии кои овозможуваат пристап до основните услуги и заштита, како и улогата на институциите и организациите кои ги спроведуваат овие мерки за поддршка на успешна реинтеграција.

## ПРАВНА РАМКА

Кога станува збор за реинтеграцијата на жртвите на трговија со луѓе, важно е да се разбере правната рамка која ја поддржува реинтеграцијата. Законите не само што ги дефинираат правата и обврските на жртвите, туку и утврдуваат кој може да дава услуги и какви типови на поддршка се нудат. Законите во Северна Македонија обезбедуваат поддршка за жртви на трговија со луѓе преку разни социјални, правни и здравствени услуги, насочени кон заштита, рехабилитација и реинтеграција.

**Реинтеграција во контекст на социјална заштита**

Во согласност со Законот за социјална заштита, **услугите во заедницата** се основни за поддршка на ранливите категории, обезбедувајќи помош во различни форми, од дневен и привремен престој до рехабилитација, реинтеграција и ресоцијализација. Овие услуги се насочени кон социјална и психолошка поддршка, обука и интеграција на лицата во општеството, овозможувајќи им да останат во своите заедници и да го подобрат својот квалитет на живот.

Услугите во заедницата ги вклучуваат дневниот престој, привремен престој, рехабилитација, реинтеграција, ресоцијализација, одмена на семејната грижа и куќа на пола пат. Услугите во заедницата, како што се опишани во законот, се клучен аспект за поддршка на ранливите категории, овозможувајќи им да останат интегрирани во своите семејства и заедници, а истовремено нудат потребната помош и поддршка за нивно подобрување на квалитетот на животот.

**Услугите на дневен престој**, обезбедуваат дневно згрижување и активности, како што се стекнување животни и работни вештини, социјални и културни активности, едукација и социјална поддршка за корисниците и нивните семејства. Корисници на оваа услуга се деца во ризик, лица со попреченост, маргинализирани и стари лица, како и други лица со специфични социјални проблеми.

За **рехабилитацијата и реинтеграцијата** се предвидени психо-социјална поддршка, терапија, работно-окупациона терапија и поддршка за развивање работни вештини и вештини за вработување, помагајќи на лицата со социјални или здравствени проблеми да постигнат самостојно живеење. Корисници на оваа услуга се деца во ризик, лица со попреченост и маргинализирани лица со специфични проблеми.

**Услугата на привремен престој** обезбедува заштита и стручна помош за лица во кризна состојба, со цел надминување на проблемот и социјална интеграција на корисниците. Корисници на оваа услуга можат да бидат деца кои се најдени без родителска грижа или се без дом, деца жртви на злоупотреба, жртви на семејно и родово базирано насилство, жртви на трговија со луѓе, како и бездомници.

Покрај гореспоменатите услуги, законот нуди и низа други услуги кои може да бидат искористени во текот на реинтеграцијата. Тие услуги се куќа на пола пат која се обезбедува за лица што претходно користеле вонсемејна заштита, немаат сопствен дом или услови за самостоен живот, и на кои им е потребна поддршка за подготовка за самостоен живот, живеење со поддршка, згрижување во друго семејство, и сместување во установа.

Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, во кој трговијата со жени е идентификувана како родово-базирано насилство, бара преземање мерки за заштита на жените, вклучително и жртвите на трговија. Законот предвидува **услуги за привремен престој**, при реална закана по животот или здравјето на жртвата, како и реинтеграција. **Програмата за реинтеграција на жртвите** вклучува модели за привремено домување, психичко советување, финансиска помош, можности за обука и вработување, приспособени на специфичните потреби на жртвите.

Законот за семејство содржи посебна глава за **старателство** на деца жртви на трговија со луѓе, што опфаќа важни мерки за нивна идентификација и реинтеграција преку заштита на правата на детето.

Според Водичот за лиценцирање на даватели на социјални услуги, **лиценцирани даватели на социјални услуги** се оние кои ги исполнуваат нормативите и стандардите за социјална заштита и добиле дозвола за работа од Министерството за социјална политика, демографија и млади. Лиценцирани даватели можат да бидат здруженија, домашни и странски правни лица, како и физички лица. Овие даватели обезбедуваат различни видови социјални услуги, вклучувајќи информирање и упатување, стручна помош и поддршка, советување, помош и нега во домот, дневен престој за рехабилитација и реинтеграција, привремен престој, како и вон-семејна заштита, како што е живеење со поддршка, згрижување во семејство, итн.

### Финансиска поддршка за реинтеграција

Финансиска поддршка на жртвите на трговија со луѓе може да им се додели врз основа на Законот за социјална заштита. Законот предвидува **еднократна, парична помош**, која може да биде и помош во натура, и се доделува на лица или семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик, како и на оние погодени од природни непогоди, епидемии, или подолго болничко лекување. Износот на помошта зависи од потребите и може да изнесува до 30.000 денари за лица со социјален ризик, 15.000 денари за жртви на семејно насилство кои имаат потреба од итна заштита, и до 12.000 денари за лица со здравствени потреби. Лицата до 26 години кои излегуваат од институции за згрижување имаат право на до 180.000 денари за интеграција.

### Реинтеграција во контекст на вработување и економско зајакнување

Во Северна Македонија постојат **активни мерки за вработување**, обезбедени преку Агенцијата за вработување, кои имаат за цел да им помогнат на невработените лица да најдат работа и да ја зголемат својата вработливост. Меѓутоа, жртвите на трговијата со луѓе не ги користат овие мерки, поради тоа што Агенцијата за вработување нема посебен систем кој ќе гарантира заштита на личните податоци и статусот на овие лица[4].

### Здравствена заштита и реинтеграција

Според извештајот од Отворена порта/Ла Страда[5], иако Законот за здравствена заштита и Законот за здравствено осигурување пропишуваат дека сите граѓани на Северна Македонија имаат право на бесплатно здравствено осигурување, во практиката ситуацијата е поинаква. Ова прашање е особено важно, бидејќи некои жртви, иако се родени во Северна Македонија, се соочуваат со проблеми при обезбедувањето лични документи. Поради тоа што нивното раѓање не е запишано во Матичната книга на родени, тие не можат да остварат право на бесплатно здравствено осигурување. Дополнително, за странските жртви на трговијата со луѓе, кои немаат регулиран престој во земјата, не е пропишано како да остварат право на бесплатна здравствена заштита.

Според најновите податоци од Отворена порта/Ла Страда[6], за жртвите да остварат здравствена заштита, треба да бидат пријавени во Фондот за здравствено осигурување. За да бидат ослободени од плаќање на партиципација, што е дел од здравствените услуги, жртвите треба да имаат пристап до програмите на Министерството за здравство, кои ги покриваат трошоците за партиципација. Иако Законот за здравствено осигурување предвидува ослободување од партиципација за одредени услуги, досега не постои здравствена програма што ги ослободува жртвите од плаќање партиципација за лекови.

### Образование и реинтеграција

Три закони кои се релевантни за образованието на жртви на трговија со луѓе се законите за основно и средно образование, како и законот за образование на возрасни. Секое дете има право на бесплатно и квалитетно основно воспитание и образование во основно училиште. Не смее да има дискриминација во воспитно-образовниот процес, процесот на запишување во основното образование и достапноста до образовните услуги. Во основното образование можат да се вклучат и возрасни лица со цел да се обезбеди можност за стекнување на соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи. Средното образование е задолжително за секој граѓанин, достапно под еднакви услови и е бесплатно во јавните средни училишта.

4 Отворена порта/Ла Страда, (2020), Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе
5 Отворена порта/Ла Страда, (2020), Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе
6 Отворена порта/Ла Страда (2022), Извештај во сенка на поглавјата 19, 23 и 24 во однос на трговијата со жени и девојки и останати поврзани прашања

**Правна заштита и компензација во поддршка на реинтеграција**

Дополнително, жртвите на трговија со луѓе можат да добијат поддршка за реинтеграција преку Законот за бесплатна правна помош, кој им овозможува бесплатна правна помош и застапување во постапките за заштита на нивните права, вклучувајќи надомест на штета за претрпени кривични дела. Но, овие закони имаат одредени недостатоци кои се посочени во делот кој се однесува на предизвици во пристап на услуги.

Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство, има за цел да обезбеди паричен надомест како почетна помош за жртвите и да спречи секундарна виктимизација. Законот им овозможува на возрасните и децата, жртви на сериозни кривични дела, вклучувајќи трговија со луѓе, семејно насилство и родово насилство, да бидат обесштетени. Обесштетувањето е условено од пријавување на делото во полиција или јавно обвинителство, а максималниот износ е 5.000 евра. Жртвите имаат право на информираност за правата и постапката на јазик што го разбираат, заштита на личните податоци и право на жалба на одлуката за надомест.

**Стратегија и други процедури**

Дополнително на законските мерки постои и **Националната стратегија и акцискиот план** за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија (2021–2025). Таа предвидува долгорочно интегрирање на жртвите на трговија со луѓе/ранливите категории мигранти, вклучително и барателите на азил кои се во висок ризик од трговија со луѓе. Сепак, оваа заложба не е поткрепена со конкретни мерки и цели за реинтеграција.

Исто така, постојат и **стандардни оперативни процедури (СОП)** кои поддржуваат реинтеграција преку две основни мерки. Првата е подготовка за ресоцијализација и реинтеграција, која вклучува активности за поддршка на жртвата додека е во Центарот за жртви на трговија со луѓе, како и насоки за нејзино враќање во заедницата. Втората е план за ресоцијализација и реинтеграција, што вклучува подготовка на средината за враќање, продолжување на образованието, професионална обука и вработување. Реализацијата на реинтеграцијата се базира на Програма за помош и поддршка (образложена подолу во текстот), со индивидуални планови според потребите и способностите на жртвата[7].

## ПОСТОЕЧКИ УСЛУГИ ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА

Реинтеграцијата на жртвите на трговија со луѓе претставува комплексен и долготраен процес кој бара холистички пристап и специјализирана поддршка. За успешна реинтеграција, неопходно е да се применат мерки кои вклучуваат подготовка за враќање во општеството, планирање на образованието и професионалната обука, како и разни форми на социјална и економска поддршка. Во Северна Македонија постојат три програми за реинтеграција кои предвидуваат структурирана поддршка за жртвите.

**Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе** од 2014 година е развиена од Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ). Оваа програма обезбедува рамка за реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе преку изработка на индивидуални планови според потребите и ресурсите на жртвата. Реинтеграцијата е предвидена како долготраен процес и вклучува обезбедување на сместување, здравствена и правна заштита, социјална и економска поддршка со цел жртвата да стане активен член на општеството. На програмата се надоврзуваат формулари за процена на потребите, индивидуални планови за услуги и евалуација.

Како и првата програма, така и **програма за помош и поддршка при реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе, развиена од МСПДМ,** е донесена во 2014 година. Таа предвидува индивидуализирана пристап според возраста и специфичните потреби на децата жртви, вклучувајќи ги нивните физички, психички и социјални последици од злоупотребата. Центарот за социјална работа (ЦСР) со партнерски организации обезбедува услуги, а мерките се во согласност со општите принципи за заштита на детето. И оваа програма има свои помошни алатки, како формулари за процена на потребите и индивидуални планови.

Двете Програми кои се развиени од МСПДМ и донесени во 2014 година, не се усогласени со законските промени што настанаа после 2014 година.

7 Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција (2022), Предизвици во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија

**Програма за сместување, психосоцијална поддршка и управување со Центар за жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство** (во понатамошниот текст Центар) на Отворена порта/Ла Страда е активна од 2005 година и обезбедува сместување и поддршка за жени и девојчиња жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство. Од 2011 година, програмата се спроведува како државен Центар во соработка со МСПДМ. Програмата опфаќа жени и девојчиња, жртви или претпоставени жртви на трговија со луѓе, во сите форми на експлоатација и сексуално насилство. Програмата е достапна за македонски и странски државјани со дозвола за престој, но странските жртви без дозвола се сместуваат во Прифатен центар за странци. Услуги кои се даваат во центарот се:

- Медицинска помош: Примарна здравствена заштита и едукација за здравје.

- Психосоцијална поддршка: Индивидуално и групно советување, и соработка со други институции.

- Правна помош: Бесплатна правна поддршка и подготовка за судски процес.

- Образование и професионална квалификација: Поддршка во завршување на образованието и обуки за вештини, компјутери, јазици и подготовка за работа.

- Воспоставување стабилна и безбедна средина каде што жртвите ќе се чувствуваат сигурно.

- Пристап до разумен животен стандард за задоволување на основните потреби.

Покрај Центарот, жртвите на трговија со луѓе, како и лица под висок ризик од трговија со луѓе имаат пристап до **Програмата за придружна социјална работа** за социјално ризични категории (во понатамошниот текст Програма). Програмата која е наменета за лицата откако ќе излезат од Центарот, се спроведува од 2013 година од страна на Отворена порта/Ла Страда. Преку Програмата се нудат услуги насочени кон реинтеграција. Покрај олеснување на пристапот до соодветни услуги на локално ниво, со фокус на клучни аспекти како домување, вработување, здравје, социјална состојба, образование итн., дополнително преку програмата се обезбедуваатиндивидуално и семејно советување, но и долгорочна емоционална поддршка.

Жртвите на трговија со луѓе имаат пристап до дополнителни услуги за поддршка преку владините институции, но и во голема мера преку соработка на владините институции со здружението Отворена порта/Ла Страда, како единствена невладина организација специјализирана во оваа област.

Дополнително, жртвите на трговија со луѓе имаат пристап до дополнителни услуги за поддршка. Понудените услуги опфаќаат и примарна и секундарна здравствена заштита, консултации и терапија за ментално здравје, систематски прегледи, како и специјалистички прегледи, правна помош, советување, сместување, старателство, како и придружба на медицински прегледи и подготовка за судски процеси, помош во барање живеалиште, како и поддршка во образованието и вработувањето. За лица кои немаат документи, постои поддршка за да ги добијат потребните документи.

Дополнително, жртвите имаат право на социјални права, како еднократна парична помош, но и како образовен и детски додаток. Доколку детето жртвата не може да се врати во биолошкото семејство, опциите за згрижување вклучуваат сместување во мал групен дом, институција, загрижувачко семејство или грижа од член во поширокото семејство. Децата добиваат помош од психијатри, редовни контролни прегледи и, доколку е потребно, терапија со лекови, како и соработка со училиштата за запишување на децата во образовниот систем. Дополнително ЦСР може да издаде потврди за ослободување од партиципација, на пример, за посета на музеи или зоолошка градина.

Покрај тоа, за подобра вработливост, стручната обука и обуката за вештини може да се обезбедат преку Агенцијата за вработување и невладините организации кои нудат обуки, особено за лица на возраст од 18 до 35 години. За полесна интеграција, организациите како СОС Детско село нудат програми за млади од ранливи категории, вклучувајќи двомесечни обуки еднаш неделно, кариерно советување, изработка на CV и подготовка за интервјуа, а некои од нив помагаат и во завршување на основното образование. Жртвите кои се под 18 години и се во образовен систем, се насочуваат кон курсеви и стручни обуки со цел да го завршат образованието или да стекнат практични вештини. За децата постојат програми за враќање во образовниот процес, вклучително и запишување во основно училиште за возрасни „А.С. Макаренко", без разлика на возраста.

Жртвите на трговија со луѓе имаат пристап до услуги за ментално здравје преку соработка на владиниот сектор и Отворена порта/Ла Страда. Во Центарот им се понудени различни услуги за ментално здравје, вклучувајќи

психолошка поддршка и терапија за подобрување на емоционалната состојба, психосоцијално јакнење, како и консултации и поддршка за децата на жртвите преку стручни лица за ментално здравје и лиценцирани психотерапевти. Окупациските терапевти кои работат во рамките на засолништето помагаат во развојот на вештини и адаптација на жртвите во новата средина. Исто така, жртвите се упатуваат во завод за ментално здравје, каде што добиваат следење на програми за ментално здравје преку упатница од ЦСР.

# ПРОЦЕНА НА ПОТРЕБИТЕ

Жртвите на трговија со луѓе/деца се соочуваат со сериозни предизвици во повеќе области, вклучувајќи социјална и емоционална благосостојба, економски и егзистенцијални потреби, пристап до услуги, безбедност и поддршка за ментално здравје. Основните услуги се делумно достапни за жртвите, вклучувајќи медицинска, правна помош и засолниште, но сепак не доволни да одговорат на потребите на жртвите презентирани во следниот дел.

## 1. Социјални и емоционални потреби

**Доверба и поддршка во семејството и заедницата**

Градењето доверба со жртвите на трговија со луѓе е од клучно значење за нивната успешна реинтеграција. Жртвите споделуваат дека на почетокот не верувале на никого, но чувството на сигурност било првиот чекор кон отворање и прифаќање на помошта. „На почетокот на никој не верував, вели една жртва, ама имав некое чувство на сигурност.“

Жртвите споделуваат различни искуства во однос на довербата и поддршката од семејството и заедницата. Некои истакнуваат дека, иако немале семејство, имале луѓе кои ги поддржувале и помогнале да се изградат како личности. Со нивна помош, тие успеале да се вратат во нормален живот. Други пак, ја нагласуваат важноста на поддршката од семејството, и од организации како Отворена порта/Ла Страда, кои продолжуваат да им помагаат преку хуманитарни пакети и психосоцијална поддршка. Сепак, и покрај оваа поддршка, некои се чувствуваат повлечени од заедницата, бидејќи живеат во рурални средини и се плашат од осуда и озборување, иако не се чувствуваат отфрлени од луѓето околу нив.

*„Сега не разговарам со никого, немам доверба. Некогаш разговарав, но сега веќе не можам... Претходно разговарав со психолог и социјален работник, тие ми помагаат и сега, но понекогаш се чувствувам несигурна, немам доверба и не сакам да разговарам. Не дека не ќе ми помогнат, но јас така се чувствувам.“ – изјава на В.Б.*

Жртвите на трговија со луѓе, и возрасни и деца, често губат доверба во луѓето, вклучително и во своите семејства, пријатели и пошироката заедница. Ова доведува до чувство на емоционална изолација и беспомошност, без големи разлики помеѓу мажите и жените или помеѓу возрасните и децата.

Жртвите на трговија со луѓе, особено децата, често немаат семејна поддршка и во голема мера за поддршка се потпираат на други во нивниот процес на реинтеграција. За возрасните, поддршката варира, некои имаат поддршка од пријатели или заедницата, но за многумина, таа поддршка е ограничена и понекогаш недоволна за целосно закрепнување и реинтеграција.

За деца без семејна поддршка, како и за оние кои не можат или не сакаат да се вратат во семејното опкружување, значајна поддршка обезбедуваат старателите, и стручните работници во Отворена порта/Ла Страда. Понекогаш блиските роднини или пријателите нудат поддршка, но оваа помош е ограничена и зависи од капацитетите и подготвеноста на родителите или роднините. Понекогаш семејствата ја негираат реалноста на трговијата со луѓе и одбиваат да ги прифатат искуствата на жртвата. И покрај предизвиците, има случаи на жртви кои се враќаат во семејствата и повторно ја воспоставуваат поддршката, и случаи на жртви кои успеваат да воспостават поддршка преку пријателите.

Иако заедницата обезбедува институционална поддршка, како здравствена и правна помош, јавноста сè уште не е доволно свесна за постоењето на трговијата со луѓе, а тоа ја отежнува целосната реинтеграција на жртвите.

**Емоционална состојба и страв**

Стравот и вознемиреноста се чести кај жртвите на трговија со луѓе, особено во првите три месеци од процесот на реинтеграција. Во овој период, многумина се соочуваат со проблеми во изградбата на доверба и страв од повторни закани, што им отежнува да се поврзат со околината и да се справат со секојдневните активности. Иако со континуирана поддршка стравот постепено се намалува, многумина продолжуваат да носат со себе трауми кои бараат внимателна и постојана грижа.

Жртвите споделуваат различни искуства во однос на своето здравје и емоционална благосостојба. Некои изразуваат потреба за дополнителна медицинска помош, додека други зборуваат за емоционални потешкотии, како што се недостаток на љубов, кошмари и чувство на вознемиреност. Некои изразуваат благодарност за психолошката поддршка што ја добиваат, која им помага да се справат со траумите.

Дополнително, жртвите се загрижени за неизвесноста на конечниот исход од судската постапка и дали лицето ќе добие соодветна казна. Овој страв се засилува кога престојот во засолништето завршува и кога жртвите треба да се соочат со новата реалност надвор, каде што се изложени на нови предизвици и непознати ситуации. Со постојана поддршка, овие стравови може да се надминат, но процесот на реинтеграција останува сложен и постепен.

## 2. Економски и егзистенцијални потреби

**Вработување и развој на вештини**

Жртвите имаат јасна желба да стекнат вештини и да се вработат за да започнат независен живот. Некои од нив веќе имаат усовршено вештини, како готвење, и сакаат да работат во ресторан. Други имаат интереси во различни области, како што се физиотерапија, масажа, работа со деца и глума, но се соочуваат со недостаток на можности во местото каде живеат.

Поголемиот дел од жртви немаат претходно работно искуство, најчесто не се вработени или се во процес на образование, а децата жртви не секогаш редовно го посетувале училиштето.

Жртвите сместени во Центарот имаат можности за работа и обука, и нивната готовност за работа во голем дел зависи од нивната желба и подготвеност за работа. Што се однесува до интересот за работа или обука, повеќето жртви покажуваат интерес за стручна обука преку која можат да стекнат потребни вештини. Интересите се разновидни и вклучуваат вештини како филигранство, рачна изработка на накит, кулинарство, арт-терапија, маникир и педикир, кои се популарни и побарани и нудат можност за подобра вработливост на жртвите.

Возрасните жртви кои биле во засолништето и излегле, често наидуваат на потешкотии при барање работа, иако некои од нив се вклучени во програми за вработување и остваруваат солиден приход. Оние кои не биле сместени во засолништето, иако мал број, исто така биле вклучени во активности за градење на вештини и формален образовен процес со цел да го завршат образованието пред да се вклучат во работни ангажмани.

Жртвите на трговија со луѓе имаат потреба од поддршка во неколку области за да ја подобрат својата вработливост. Прво, жртвите кои немаат формално образование или стручност треба да имаат пристап до стручна обука или обука за вештини. Потоа, потребна им е помош при барање работа, вклучувајќи кариерно советување, но и насоки за успешно претставување на пазарот на трудот. Исто така, неопходна им е и помош за ориентација во процесот на вработување, што вклучува учење како да бараат работа, изготвување на резимеа и подготовка за интервјуа за работа.

**Образование**

Жртвите споделуваат дека образованието е многу важно за нив, а дел од нив изразуваат желба да го завршат училиштето и да се посветат на учењето. Покрај учењето, за жртвите, дружењето и самостојното одење до училиште се важни делови од нивниот секојдневен живот. Дел од нив сакаат да завршат училиште за да станат писмени и да научат англиски јазик, што ќе им помогне полесно да се снаоѓаат во секојдневниот живот. За некои од нив, образованието не е само за стекнување нови вештини, туку и средство за заштита од манипулација, како што е правилно ракување со пари или познавање на математика. Тие се надеваат на поддршка за образовни активности и можности за стручна обука.

**Финансиска поддршка и грижа за децата**

Многу жртви добиваат еднократна помош од ЦСР, но износот е варијабилен и не е секогаш доволен. Поддршката за грижа на деца е критична за оние со деца, бидејќи без нивно сместување во градинки или училишта, родителите не можат да продолжат со обуки или работа. Исто така, финансиска поддршка е клучна за учество во овие програми и покривање на поврзаните трошоци.

**Сместување**

Жртвите на трговија со луѓе кои престојуваат во засолништето се соочуваат со значителни предизвици во однос на сместувањето, што често резултира со долгогодишен престој, кој варира и достигнува од 2 до 4 години. Главните потреби се насочени кон обезбедување на соодветно алтернативно сместување, како што е живеење со поддршка или сместување во згрижувачки семејства, кое често недостасува. Иако некои од нив истакнуваат дека во Центарот им се обезбедени потребните услови за живот, тие посакуваат поквалитетна животна средина, како дом со двор, тераса и можност за активности на отворено, што би придонело за нивното ментално здравје и чувство на благосостојба. Иако жртвите се чувствуваат безбедно во Центарот, од нивните изјави може да се заклучи дека долгиот престој и недостатокот на перспективи за интеграција влијаат на нивната способност да изградат нормален и независен живот.

*„Ме прави среќна да сум со мојата сестра и внука. Во нивна близина се чувствувам убаво и исполнето. Сакам кога ќе излезам од центарот да живеам со нив“. – изјава на В.Б.*

## 3. Безбедност и закани

Жртвите чувствуваат сигурност и заштита во засолништето, уверени дека условите за живеење се добри и дека се безбедни. За жртвите кои не се во засолниште, тие изразуваат чувство на сигурност и безбедност, без никакви проблеми од околината или од сторителите, иако некои од нив сеуште се на слобода и живеат блиску.

Кога за жртвата на трговија со луѓе се обезбедува сместување, се спроведува процена на ризик по нејзината безбедност која редовно се следи. Целта е да се осигура дека семејството и околината се безбедни за жртвата. За сместување во засолништето, кој е на непозната локација, се смета дека претставува безбедна средина.

Сепак, понекогаш жртвите добиваат закани за својата безбедност, што ги спречува да водат нормален живот и да се вклучат во активности надвор од засолништето. Во такви случаи, стручните работници веднаш реагираат и преземаат мерки за спречување на повторни закани. Овие закани често предизвикуваат регресија во процесот на реинтеграција.

Некои жртви известуваат за негативни искуства со органите за спроведување на законот, што дополнително влијае на нивната доверба и чувството на сигурност. Проблеми се јавуваат кога постапките се одолжуваат, а често недостига сензитивност за состојбата на жртвите и за тоа како постапката влијае на нив. Жртвите често се оставаат долго време без напредок во процесот и без да бидат класифицирани како жртви на трговија со луѓе, што предизвикува чувство на неразбирање и недоволна поддршка од страна на државата. Во образовниот систем има недостиг од сензитивност за прифаќање на жртвите.

## 4. Поддршка за ментално здравје

Во интервјуата со жртвите се истакнува дека активностите кои ги вклучуваат контактите со близок семеен круг и активно ангажирање со работа и образовни активности значително помагаат да го надминат чувството на празнина и тага. Овие активности им помагаат да се фокусираат на сегашноста и да ги намалат емоционалните последици од потешките искуства од минатото.

Психолошка и психијатриска поддршка за жртвите на трговија со луѓе во засолништето ја добиваат целосно и е обезбедена преку соработка со различни партнери. Жртвите добиваат целосен третман, вклучувајќи психолошко советување и терапија, посета на културни активности кои значајно придонесуваат за подобрување на нивната емоционална состојба. Исто така, жртвите имаат пристап до психијатар, добиваат терапија со лекови и се следат со контролни прегледи. Фокусот на овие услуги е примарно насочен кон нивната реинтеграција додека се во засолништето. Постојат значајни предизвици по напуштањето на засолништето, бидејќи без континуирана поддршка и ресурси по процесот на реинтеграција, жртвите можат да се соочат со тешкотии во одржувањето на својата психолошка и емоционална стабилност.

Жртвите на трговија со луѓе имаат потреба од дополнителна поддршка и навигација низ здравствениот систем, особено кога социјалниот работник не е присутен. Во овие случаи, тие се среќаваат со тешкотии во снаоѓањето и прибирањето на потребните информации, што ја отежнува нивната способност да го користат здравствениот систем на соодветен начин.

## 5. Правни потреби

Жртвите на трговија со луѓе имаат различни потреби за правна помош, бидејќи често се соочуваат со сложени правни процеси, особено во судските постапки. Тие имаат потреба од правно советување за да ги разберат своите права и опциите што ги имаат, бесплатната правна помош, како и правно застапување за да се осигурат дека нивните интереси ќе бидат соодветно претставени. Освен тоа, тие треба да бидат информирани за текот на процесот и сите важни одлуки кои се донесуваат во рамките на постапките, како и информација и помош за остварување на правото на компензација.

## 6. Цели и аспирации за иднината

Заклучокот од разговорите со жртви на трговија со луѓе покажува дека тие имаат визија за својата иднина, која е насочена кон завршување на средно образование, вработување и стекнување на самостојност. Многу од нив изразуваат желба да се вработат и интерес за развој на хобија и нови вештини, но и да продолжат да користат услуги за поддршка кои се клучни за нивниот понатамошен напредок. За нив, соработката со организации како Отворена порта/Ла Страда и континуираната помош од социјални работници играат клучна улога во градењето на нивната самостојна иднина.

Жртвите на трговија со луѓе покажуваат силна желба да станат самостојни и да ја изградат својата иднина надвор од ризичната средина. Тие имаат цели кои вклучуваат враќање во својата заедница, градење професионални вештини и вработување, како и целосна реинтеграција во општеството. За децата, оваа аспирација може да биде помалку стабилна и бара постепен пристап и охрабрување.

Меѓутоа постои разлика во нивната мотивација и истрајност. Додека се во засолништето, покажуваат желба да работат, но ентузијазмот слабее откако ќе го напуштат засолништето, бидејќи им недостасува континуирана поддршка по излегувањето. Кога се враќаат во својата претходна средина, каде немаат насочувачи и поддржувачи, често чувствуваат недостаток на водство. Исто така долгиот период на чекање во засолништето, на пример поради одложени правни постапки и одлуки придонесува за тоа да се навикнат на еден начин на живот, што дополнително ја усложнува нивната адаптација по излегувањето.

**Поддршка во постигнувањето на цели**

Процената покажа дека поддршката во постигнувањето на целите игра клучна улога за жртвите на трговија со луѓе во текот на нивниот процес на зајакнување и реинтеграција. Програмата за психосоцијална поддршка и придружната социјална работа може да биде значајна компонента која овозможува континуитет и постојана поддршка, овозможувајќи жртвите постепено да развиваат самодоверба и стабилност, што е неопходно за нивната адаптација во општеството.

Индивидуалните планови за реинтеграција се неопходни, и подготовките за реинтеграција треба да започнат неколку месеци пред напуштањето на засолништето, најдобро уште од самиот почеток на сместувањето. Овие планови овозможуваат целосна поддршка за јакнење на личните, родителските и економските капацитети на жртвите, со посебен фокус на непосредните потреби на жртвите и процесот на подготовка за излез од засолништето.

# ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРИСТАПОТ ДО УСЛУГИ

Пречките за пристап до услуги кои ги споделуваат жртвите на трговија со луѓе вклучуваат недостаток на информации, страв од властите, дискриминација, недостиг на транспорт и големи трошоци за услугите. Жртвите се соочуваат со потешкотии во пристапот до потребните услуги, вклучувајќи медицинска нега, психолошка поддршка и вработување, поради овие пречки. Стравот од властите и дискриминацијата дополнително ја отежнуваат нивната интеграција, додека недостатокот на транспорт и високиот трошок на некои услугите може да ги ограничат во остварувањето на основни потреби.

Првиот и значаен проблем е недостатокот на информации. Многу жртви не се информирани за своите права и за достапните услуги, што значително го усложнува процесот на нивната реинтеграција. Честопати, жртвите се соочуваат со сложеност во разбирањето на постојните информации, што ги спречува да ги остварат потребните услуги самостојно.

„Не ми објаснија убаво каде ќе одам, само ми кажаа дека ќе имам храна, другарки, сите дека се девојчиња и да бидам умна". – изјава на А.А.

Недостатокот на информации дополнително се рефлектира и преку **незнаење за документите што им се потребни или каде треба да се упатат** за да добијат соодветна помош. Ова создава потреба стручните лица од ЦСР или невладините организации да ги водат жртвите низ целиот процес, помагајќи им да ги набават потребните документи и да се снајдат во комплексниот административен систем.

Друг важен предизвик е **неинформираноста на жртвите за нивните права**. Честопати тие не се свесни за своите правни можности и за помошта која можат да ја добијат, особено ако таа не им биде директно пренесена од стручните лица од ЦСР или невладините организации. Ова значи дека жртвите се во неповолна положба да ги остварат своите права без стручна помош и упатување.

За странски жртви постои **јазична бариера**, која дополнително ги усложнува предизвиците за пристап до услуги.

Покрај тоа, не постојат соодветни капацитети за сместување на сите жртви кои имаат потреба од тоа. Засолништето има ограничен капацитет кој не обезбедува раздвојување на возрасни и деца. Во земјата исто така не постојат засолништа за лица од машки пол. Дополнително, интервјуата со жртвите покажаа дека должината на престојот во Центарот за жртви на трговија со луѓе варира и достигнува дури и од 2 до 4[8] години, поради недостиг на соодветни алтернативи за сместување и поддршка за самостоен живот. За децата жртви, по напуштањето на засолништето, враќањето во биолошкото семејство не е секогаш можност, и тоа е предмет на темелна процена. Пред враќањето, се спроведува разговор со семејството за да се утврди дали тоа е безбедно и дали може да го прифати детето без негативни последици. Процесот вклучува оценка на потенцијалните ризици и работи на повторното прифаќање на жртвата во семејството.[9] Во случаи кога малолетната жртва била експлоатирана од членови на семејството, како алтернатива се нудат мали групни домови или згрижувачки семејства. Но, ова не е секогаш достапно поради тоа што недостасуваат доволно опции за сместување во загрижувачки семејства, бидејќи бројот на достапни згрижувачки семејства е премал, не сите се специјализирани за работа со деца-жртви на трговија со луѓе, а постојат и бариери при наоѓањето сензитивно загрижувачко семејство, што е од клучно значење за лица кои преживеале траума. Во праксата се случуваат случаи каде деца, кои биле трудово експлоатирани од своите семејства, повторно се враќаат во нивните биолошки семејства поради недостаток на соодветни услуги и финансиски ресурси што би можеле да им помогнат во процесот на реинтеграција.[10]

"Четири години (престојувам во засолниште). Немаше соодветно друго домување за мене. Не се најде загрижувачко семејство". – изјава на З.А.

Уште една идентификувана слабост во пристапот до услуги е недоволната искористеност на правото на еднократна парична помош. Според податоците од Отворена порта/Ла Страда, во периодот од 2018 до 2024 година, вкупно 63 лица користеле услуги во засолништето. Од нив, 38 биле нови корисници – жртви на трговија со луѓе, вклучувајќи 8 возрасни жени и 30 деца (девојчиња). Меѓу нив, само за едно лице било побарано и одобрено користење на еднократна парична помош.

8 Законскиот максимум за престој е од 3 до 6 месеци

9 Отворена порта/Ла Страда (2022), Извештај во сенка на поглавјата 19, 23 и 24 во однос на трговијата со жени и девојки и останати поврзани прашања

10 Отворена порта/Ла Страда (2022), Извештај во сенка на поглавјата 19, 23 и 24 во однос на трговијата со жени и девојки и останати поврзани прашања

„Во училиште не одев бидејќи ми беше далеку и требаше да патувам со комбе, а моето семејство немаше пари. Затоа мораше и јас да работам за финансиски да помагам...“– изјава на М.Р.

Жртвите на трговија со луѓе се соочуваат со значителни предизвици во вработувањето и образованието, бидејќи многу од нив немаат претходно работно искуство или не ја завршиле образовната програма. Иако некои од нив се сместени во засолништето и имаат можности за обука и работа, нивната подготвеност за вработување зависи делумно од нивната лична желба и мотивација. Програмите за стручна обука нудат шанси за стекнување на потребни вештини, но финансиските ограничувања и недостатокот на поддршка претставуваат значајни бариери. Дополнително, предизвиците вклучуваат сензитивност во образованието и прифаќањето на децата од околината во самите училишта.

Според извештајот на Отворена порта/Ла Страда[11], постојниот Закон за **бесплатна правна помош**, кој е на сила од 2019 година, не обезбедува ефективен пристап до бесплатна правна помош за жртвите на трговија со луѓе, особено во кривичните постапки, бидејќи Законот не ги покрива овие случаи во контекст на кривичната постапка. Жртвите на трговија со луѓе не можат да го остварат правото на судско застапување ниту според Законот за кривична постапка. Ова е последица на непрецизни законски одредби и пропустите во нивната имплементација, како и неусогласеноста со другите релевантни закони, што ја оневозможува ефективната заштита на правата на жртвите.

Кога се работи за п**редизвици за стручните лица во работата со жртви на трговија со луѓе** има неколку кои беа посочени. Стручните лица кои работат со жртви на трговија со луѓе имаат потреба од значителна поддршка за ефективно да ги пружат потребните услуги. Неопходна им е помош за справување со стресот и секојдневните предизвици, бидејќи постојано се изложени на трауми и тежок емоционален товар. За нивното здравје и благосостојба е од суштинско значење да имаат редовен пристап до психолог и можност за супервизија. Отворена порта/Ла Страда усвои политика за стручна супервизија за професионален развој и превенција од согорување на вработените во прифатилиштето. Донесен е и правилник што го регулира начинот на организирање и спроведување на супервизија. Редовно се одржуваат групни супервизии за унапредување на професионалните вештини, менталното здравје и управувањето со случаи, како и индивидуални сесии за персонализирана поддршка. Оваа активност е финансиски поддржана преку проекти финансирани од други донатори и има потреба од финансиска оддржливост.

Дополнителен предизвик е следењето на жртвите по нивното напуштање на засолништето, кое се отежнува од недостаток на ресурси и човечки капацитети во ЦСР. Професионалците во ЦСР се соочуваат со голем обем на работа и имаат ограничен број на соработници, што ја усложнува нивната ефективност. Постојат и технички ограничувања, како што се потребата за нови компјутери и подобрување на просториите за разговори со жртвите. Исто така, важно е да се обезбедат континуирани обуки за професионалците и да се унапреди комуникацијата и координацијата меѓу колегите.

Иако се вложуваат напори за **децентрализација на услугите** за ранливите групи, вклучувајќи ги и жртвите на трговијата со луѓе, локалната самоуправа не е доволно вклучена во имплементацијата на програма за реинтеграција на жртвите. Ваквите наоди се поддржани и во последниот извештај на ГРЕТА за Северна Македонија во кој се нагласува дека државните програми за реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе се неефикасни поради ограниченото финансирање и недоволното вклучување на локалната власт.

**Според Националниот известувач**[12] при реинтеграцијата на домашни и странски жртви на трговија со луѓе, професионалците се соочуваат со предизвици како недостаток на процедури и средства за придружба и превоз до местата на интеграција, што често го организираат граѓанските организации. Странските жртви дополнително се оптоварени со долготрајни процедури за враќање во земјата на потекло и ограничен пристап до социјални услуги. Во образованието, проблемите вклучуваат недостиг на соработка со наставниците, дискриминација и врсничко насилство. Во фазата на вработување, се забележува недостаток на програми за доквалификација и недоволна информираност на работодавците за потребите на жртвите.

Дел од **истите проблеми се истакнати и во податоците на Отворена порта/Ла Страда**[13], кои укажуваат на загрижувачки проблем со реинтеграцијата на жртвите во заедницата по напуштањето на засолништето. Пристапот до образование, вклучително и повторното вклучување на деца жртви во редовното и задолжително образование, е ограничен и нефункционален. Понатаму, во земјата недостасуваат посебни програми и мерки за економско зајакнување, кои би овозможиле интеграција на жртвите во работниот процес. И покрај тоа што

11 Отворена порта/Ла Страда (2022), Извештај во сенка на поглавјата 19, 23 и 24 во однос на трговијата со жени и девојки и останати поврзани прашања
12 Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција (2022), Предизвици во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија
13 Отворена порт/Ла Страда, (2020), Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе

постојат активни мерки за вработување обезбедени од државата преку Агенцијата за вработување, жртвите на трговија со луѓе ретко ги користат овие услуги, поради недостиг на специјализирани програми и поддршка. Оваа ситуација е дополнително комплицирана со неможноста за обезбедување бесплатен здравствен преглед за сите жртви на трговија со луѓе, особено за лица кои не се регистрирани во Матичната книга на родени во земјата, како и за странските државјани со нерегулиран престој.

Според физибилити студија[14] од 2024 година, во моментот не постојат лиценцирани услуги кои обезбедуваат поддршка за жртвите во фазата на реинтеграција. Регистарот на услуги за социјална заштита не содржи специјализирани основни услуги за советување во заедницата, ниту услуги за сместување кои обезбедуваат поддршка во процесот на реинтеграција, ниту пак услуги за ресоцијализација на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе. Поради недостигот на адекватни услуги за реинтеграција, засолништето се соочува со зголемен притисок да продолжи со обезбедување на услугата за сместување.



14 Данијела Барјактаровиќ, (2024), Физибилити студија за основање на Центар за жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија

# ЗАКЛУЧОЦИ

## Општи

1. Понудените услуги за жртвите на трговија со луѓе вклучуваат **широк спектар на поддршка**, како што се здравствена заштита, услуги за поддршка на менталното здравје, правна помош, сместување, старателство, образованието и вработувањето. Жртвите имаат можност да добијат помош во процесот на добивање документи и социјални права. За децата, постојат специјализирани програми кои вклучуваат терапевтски и психијатриски третман и помош за пристап во образовниот систем, како и да бидат згрижени во случај на неможност за враќање во биолошкото семејство.

2. Процената покажа дека за дел од услугите институциите **ги користат државните ресурси** за поддршка на реинтеграцијата, како што се курсеви за поддршка на вработување преку Агенцијата за вработување, пристап до здравствени услуги преку поддршка за ослободување од здравствена партиципација и услуги на Заводот за ментално здравје и др. Истовремено, институциите **во голема мера се потпираат на граѓанскиот сектор** за обезбедување психосоцијална поддршка, обуки/курсеви за подобрување на вештините за вработување, како и за правна помош и застапување.

3. **Недостатокот на континуирана поддршка по напуштањето на засолништето** е еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат возрасните жртви. Иако многу од нив, додека се во засолништето, покажуваат желба за вработување, образование и независност, тој ентузијазам слабее кога ќе го напуштат заштитниот простор. Без насоки, поддршка и ресурси во нивната претходна средина, тие се соочуваат со потешкотии во одржувањето на психолошката и емоционалната стабилност. Ова дополнително го отежнува процесот на реинтеграција.

4. Процената покажа дека **континуирана поддршката во постигнувањето на целите** игра клучна улога за жртвите на трговија со луѓе во текот на нивниот процес на зајакнување и реинтеграција.

## Процена на потребите

1. Жртвите на трговија со луѓе, и возрасни и деца, се соочуваат со значителни **емоционални и психолошки пречки** во процесот на реинтеграција, најчесто поврзани со губењето на довербата во луѓето и чувство на страв и несигурност. Поддршката од семејството, пријателите или заедницата може да биде ограничена или недоволна, што дополнително ги отежнува процесите на закрепнување. За деца без семејна поддршка или за оние кои не сакаат или не може да се вратат дома, значајна улога имаат старателите и стручните работници, додека за возрасните поддршката варира и е понекогаш недоволна.

2. Жртвите од трговија со луѓе се соочуваат со значителни предизвици во **вработувањето и образованието,** бидејќи многу од нив немаат претходно работно искуство или не ја завршиле образовната програма. Жртвите кои не поседуваат образование или стручност имаат потреба од стручна обука и поддршка за развој на вештини кои ќе им помогнат во вработувањето. Понатаму, потребна им е помош за ориентирање на пазарот на трудот, вклучувајќи кариерно советување и помош при изработка на резимеа и подготовка за интервјуа за работа. Финансиска поддршка и грижа за деца се клучни за овозможување на учество во обуките и работните активности. Поддршката за грижа на деца е особено важна за жртвите кои имаат деца, бидејќи без безбедно сместување на децата, на пример во градинки или училишта, тие не можат да се вклучат во работни и образовни програми.

3. Кога жртвата на трговија со луѓе се сместува, се спроведува процена на ризик по нејзината/неговата **безбедност** која редовно се следи. Засолништето, се смета за безбедно. Сепак, понекогаш жртвите добиваат закани за својата безбедност. Во такви случаи, стручните лица веднаш реагираат и преземаат мерки за спречување на повторни закани.

4. Жртвите на трговија со луѓе имаат значајна потреба од континуирана и достапна поддршка за **ментално здравје**, која не е целосно задоволена со тековните услуги. Иако им се нудат психолошка поддршка и услуги од психијатри, ограничените капацитети за итно сместување во психијатриски установи и недостигот на ресурси во системот создаваат празнина во нивната грижа. Покрај тоа, советодавната поддршка од страна на ЦСР, иако корисна, не е доволна за целосно да ги адресира емоционалните и психолошките тешкотии на жртвите. Тие имаат потреба од подлабока, долгорочна и сеопфатна поддршка за да се справат со траумите и да изградат основа за успешна реинтеграција.

5. Жртвите на трговија со луѓе имаат потреба од **правно** советување, бесплатна помош, застапување и право на информираност за да ги разберат своите права и да ги остварат во сложените правни процеси.

6. Жртвите на трговија со луѓе покажуваат **силна желба за самостојност** и реинтеграција во општеството, но нивната мотивација често слабее по напуштањето на Центарот, бидејќи се соочуваат со недостаток на континуирана поддршка и насочување. Долгиот период на престој во Центарот и одложените правни постапки го зголемуваат ризикот од адаптациски проблеми по излегувањето, особено кога се враќаат во средина која нема поддршка или водство.

### Пречки во пристап на услуги

7. Реинтеграцијата е главно фокусирана на ниво на засолништето, каде што жртвите добиваат поддршка и ресурси за адаптација и ресоцијализација. Меѓутоа, во процесот на **реинтеграција** постои значителен **предизвик** кога **жртвите го напуштаат засолништето.**

8. Жртвите на трговија со луѓе се соочуваат со бројни пречки во **правниот систем,** вклучувајќи недоволна сензитивност на дел од органите за спроведување на законот, што ги намалува нивната доверба и чувство на сигурност. Долгиот период на чекање без напредок во процесот и неадекватното признавање на нивниот статус како жртви создава чувство на неразбирање и недоволна поддршка од државата, што ја отежнува нивната реинтеграција во општеството.

9. Жртвите често **не се доволно информирани за правата и услугите** што им се на располагање, па затоа им е потребна помош и поддршка од стручни лица од ЦСР или ГО да ги водат низ процесот.

10. Дел од жртвите не добиваат навремена и/или адекватна помош и заштита поради недостиг на соодветни решенија за **сместување**. Како резултат на ова, дел од жртвите престојуваат во засолништето подолго од предвидените максимум 6 месеци.

11. Има недоволна искористениот на правото на еднократна парична помош и недостаток од финансиска поддршка на жртвите на трговија со луѓе

12. Актуелниот правен систем не обезбедува ефективен пристап до **бесплатна правна помош** за жртвите на трговија со луѓе, особено во кривичните постапки. Недостигот на јасни упатства и неусогласеноста на законските одредби создаваат правна нејасност, која ја оневозможува правната заштита на жртвите и ги ограничува нивните можности за правно застапување.

13. Жртвите на трговијата со луѓе не ги користат мерките за **активно вработување,** поради тоа што Агенцијата за вработување нема посебен систем кој ќе гарантира заштита на личните податоци и статусот на овие лица. Ова претставува сериозна пречка за нивната вклученост во програмите за вработување, бидејќи жртвите се изложени на ризик од повторна експлоатација ако нивниот идентитет и статус не се адекватно заштитени.

14. За да бидат ослободени од плаќање на партиципација, што е дел од **здравствените услуги,** жртвите треба да имаат пристап до програмите на Министерството за здравство, кои ги покриваат трошоците за партиципација. Иако Законот за здравствено осигурување предвидува ослободување од партиципација за одредени услуги, досега не постои здравствена програма што ги ослободува жртвите од плаќање партиципација за лекови.

# ПРЕПОРАКИ

*„Да имам поддршка од стручно лице, кога не разбирам нешто да ми објасни, да ме насочува правилно. Да ми кажува насоки, не сакам да брзам, сакам полека да си ги средувам работите." – изјава на В.Б.*

Врз основа на наодите од овој извештај, се предлагаат следниве препораки за подобрување на сегашниот систем на поддршка за жртвите на трговија со луѓе и подобрување на нивната реинтеграција во општеството.

1. Да се развијат и лиценцираат повеќе услуги во поддршка на реинтеграцијата како што се советувалиште, куќа на пола пат и Центар за реинтеграција, кој би обезбедила долгорочна и континуирана поддршка за жртвите откако ќе го напуштат засолништето.

2. Да се унапреди соработката меѓу државните институции и граѓанскиот сектор преку зголемена поддршка за ГО кои обезбедуваат психосоцијална поддршка, правна помош и обуки, со цел да се зајакнат услугите за реинтеграција на жртвите.

3. Да се засилат соработката со семејството и заедницата за да се поддржи процесот на реинтеграција, со цел да се надминат психолошките пречки на жртвите и да се оствари поголема доверба.

4. Да се формираат програми за обука и вработување за жртвите на трговија со луѓе, со фокус на стручна обука и ориентација на пазарот на труд, како и да се поддржат иницијативи за подигање на свеста на работодавачите.

5. Да се создаде механизам преку кој ќе гарантираат безбедност на личните податоци на жртвите на трговија со луѓе при користење на активните мерки за вработување.

6. Да се создадат соодветни решенија за сместување на жртвите на трговија со луѓе. Пристапот кон секој случај треба да биде индивидуален и базиран на специфичните потреби на жртвите, во согласност со нивната возраст, пол, род, и други релевантни фактори.

7. Да се развијат постоечките услуги за деца кои не сакаат или не можат да се вратат во биолошките семејства.

8. Да се испитаат причините за недоволната искористеност на правото на еднократна парична помош, со цел да се идентификуваат пречките и да се предложат мерки за подобрување на пристапот до оваа финансиска поддршка за жртвите на трговија со луѓе.

9. Да се обезбедат поголеми ресурси за психолошка и психијатриска и поддршка за жртвите, со фокус на пристапност и континуитет на терапиите. Во исто време потребно е да се зголемат на капацитетите за сместување во психијатриски установи за да се обезбеди континуирана психолошка поддршка.

10. Да се развијат јасни упатства и да се унапредат законските одредби за бесплатна правна помош на жртвите во кривични постапки, со цел достапност на бесплатна правна помош во сите фази на постапување.

11. Да се обезбедат правни услуги во текот на целиот правен процес, вклучувајќи правно советување, бесплатна правна помош и целосна информираност за правата на жртвите.

12. Потребно е да се обезбеди редовна психолошка поддршка и супервизија за стручните лица кои работат со жртви на трговија со луѓе, бидејќи постојано се изложени на трауми и тежок емоционален товар, со цел да се подобри нивната благосостојба и ефективност во пружањето услуги.

## 1. ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИИ


Данијела Барјактаровиќ, (2024), Физибилити студија за основање на Центар за жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија

Комисијата за лиценцирање на даватели на социјални услуги (2022), Водич за лиценцирање на даватели на социјални услуги

Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година

Отворена порта/Ла Страда, (2020), Предизвици во идентификацијата, заштитата и реинтеграцијата на жртвите на трговијата со луѓе

Министерство за труд и социјална политика (2014), Програма за помош и поддршка при реинтеграција на жртви на трговија со луѓе од 2014

Министерство за труд и социјална политика (2014), Програма за помош и поддршка при реинтеграција на деца жртви на трговија со луѓе

Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција (2022), Предизвици во идентификацијата и реинтеграцијата како услови за поддршка на жртви на трговија со луѓе во Република Северна Македонија

Национална комисија против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Националната стратегија и акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија (2021–2025)

Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалните услуги на дневен престој, рехабилитација и реинтеграција и ресоцијализација и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за дневен престој, центар за рехабилитација и центар за ресоцијализација (150/20) (172/21) и (47/23)

Surtees, R., M. Meshi, S. Tanellari, A. Lila and O. Hinaj (2022) Stages of recovery and reintegration of trafficking victims. A reintegration guide for practitioners. Tiranë: Different and Equal and Washington, D.C.: NEXUS Institute.

Закон за образование на возрасните - Консолидиран текст (2018)

Закон за основно образование (161/19 и 229/20)

Закон за работните односи (2023)

Закон за средно образование - Консолидиран текст (2020)

Закон за социјална заштита (2019)

Закон за заштита на децата - Консолидиран текст (2022)

Целна група: Жртви и претпоставени (Деца 12 – 17 години)

Вовед: Овој разговор е да ни помогне да разбереме што ти треба и како можеме да ги подобриме работите за децата како тебе кои поминале низ тежок период. Можеш да споделиш колку сакаш, и во ред е да ги прескокнеш сите прашања што ти прават да се чувствуваш непријатно.

Може да направиме пауза во секое време.

## Основни потреби и благосостојба

1. Како се чувствуваш денес?
2. Дали се чувствуваш безбедно таму каде што престојуваш во моментов/тука (ако е во засолниште? Доколку не, што би направило да се чувствуваш безбедно?
3. Дали има нешто што ти треба како храна, облека или поинакво место за спиење?

---

## Медицинско и емоционално здравје

4. Дали имаш болка или не се чувствуваш добро? Дали треба да посетиш лекар?
5. Како се чувствуваш во срцето и душата?

---

## Поддршка и односи

6. Дали можеш да разговараш со некого кога се чувствуваш вознемирен/а или кога ти треба помош? Со кого разговараш?

---

## Образование и активности

7. Дали одиш на училиште или сакаш да одиш на училиште? Што сакаш да правиш таму?
8. Кои се некои работи што сакаш да ги правиш (хоби, интереси)? Дали ги правиш и доколку не зошто?
9. Што ти е потребно за да се чувствуваш добро на училиште или во твојата заедница?

---

## Искуство со властите и службите за поддршка

10. Дали си разговарал со некој како полицаец или друго лице кое им помага на децата? Како се чувствуваше кога зборуваше со неа/него?
11. Дали ти помогнаа со работите што ти требаат, како безбедно место за престој, храна или наоѓање на

твоето семејство?

12.Дали има нешто што ти требаше за што не помогнаа, или нешто што сѐ уште ти треба сега?

### Идни аспирации и зајакнување

13. Што сакаш да научиш или да правиш во иднина?

14. Како луѓето можат да ти помогнат да го достигнеш твоите соништа?

Ти благодарам што зборуваше со мене денес.

---

**Демографски информации:**

**(да се пополни од лицето кое го прави интервјуто, пред или после интервју):**

---

**Возраст:**

Пол:

Времетраење во ситуација на трговија со луѓе:

Наведи колку долго престојува/престојувал во засолниште: (доколку е подолго од 9 месеци, наведи зошто)

Наведи колку долго прима поддршка од било каков тип: (доколку е подолго од 2 години, наведи зошто)

---

Целна група: Жртви и претпоставени (Возрасни)

Вовед: Ова интервју е наменето да ги разбереме твоите искуства и потреби за да можеме да создадеме подобри програми за поддршка. Твоите сознанија се многу важни и можеш да споделиш онолку колку што се чувствуваш удобно.

Доколку некое од прашањата те вознемири слободно може да го прескокнеш и да не одговориш и може да направиме пауза во секое време.

---

## Искуство со реинтеграција

1. Каков вид на поддршка си добил/а до сега (на пр. засолниште, советување, правна помош)?

2. Дали има некоја услуга или поддршка која ти била потребна, а не си ја добил/а? Ако да дали може да ми кажеш повеќе за тоа.

3. На какви пречки наиде при пристапот до услугите за поддршка? (Избери ги сите што се однесуваат на тебе)

☐ Недостаток на информации

☐ Јазични бариери

☐ Страв од властите

☐ Дискриминација

☐ Недостаток на транспорт

☐ Цена на услуги

☐ Друго (ве молиме наведете):

---

## Процена на потребите

4. Кои се твоите најитни потреби во моментов? (Избери ги сите што се однесуваат на тебе)

☐ Домување

☐ Вработување

☐ Образование или стручно оспособување

☐ Медицинска нега

☐ Психолошка поддршка

☐ Правна помош

☐ Облека

☐ Друго (ве молиме наведете):

5. Дали си свесен/а за какви било услуги достапни за да ти помогнат (медицинска нега, правна помош, засолништа)?

☐ Да
☐ Не

6. Колку се чувствуваш безбедно во твојата моментална животна ситуација? Зошто или зошто не? Каква поддршка би ти помогнало да се чувствуваш побезбедно?

7. Дали имаш луѓе на кои им веруваш и кои можат да те поддржат (семејство, пријатели, заедница)? Ако да дали може да ми кажеш повеќе за тоа.

8. Колку често се чувствуваш вознемирен/а, исплашен/а или преоптоварен/а?

☐ Многу често

☐ Понекогаш

☐ Ретко

☐ Никогаш

9. За каква работа или стручна обука би бил/а заинтересиран/а?

☐ Специфична работа (ве молиме наведете)

☐ Стручна обука (ве молиме наведете)

☐ Нема претпочитање во моментов

10. Каква поддршка ти е потребна за да ја подобриш твојата ситуација со вработување? (Проверете сè што се применува)

☐ Помош за барање работа

☐ Стручна обука или обука за вештини

☐ Финансиска поддршка

☐ Грижа за дец а

☐ Друго (ве молиме наведете)

11. Дали си имал/а негативно искуство со органите за спроведување на законот или други органи? Ако да дали може да ми кажеш повеќе за тоа.

12. Дали ти биле понудени некои услуги за ментално здравје (терапија, советување)?

13. Дали би сакале поддршка во справувањето со какви било проблеми со емоционалното или менталното здравје?

14. Што ти помага да се справиш со стресот и траумата во секојдневниот живот?

---

**Идни аспирации**

15. Кои се твоите цели за следната година? (на пр., вработување, образование, обединување на семејството)

16. Како услугите за поддршка можат подобро да ги задоволат твоите потреби?

---

**Дополнителни коментари:**

17. Дали има нешто друго што би сакал/а да споделиш за твоето искуство или потреби?

Ти благодарам што зборуваше со мене денес.

**Демографски информации:**

(да се пополни пред или после интервју):

Возраст:

Пол:

Времетраење во ситуација на трговија со луѓе:

Наведи колку долго престојува/престојувал во засолниште: (доколку е подолго од 9 месеци, наведи зошто)

Наведи колку долго прима поддршка од било каков тип: (доколку е подолго од 2 години, наведи зошто)

Сите прашања се однесуваат на изминатите две години.

## Социјална и емоционална благосостојба

1. Дали жртвите/преживеаните од трговија со луѓе, имаат луѓе на кои им веруваат и кои може да ги поддржат (семејство, пријатели, заедница)?

   Одговори посебно за возрасни, посебно за деца. Дали има разлика помеѓу мажи/момчиња и жени/девојчиња?

2. Дали претпоставените или жртвите од трговија со луѓе чувствуваат страв, вознемиреност или немоќ да се справат со секојдневни ситуации ? Колку често?

---

## Економски и егзистенцијални потреби

3. Дали претпоставените или жртвите биле вработени или вклучени во активности што остваруваат приходи?

4. За каква работа или стручна обука биле заинтересирани?

☐ Специфична работа (ве молиме наведете)

☐ Стручна обука (ве молиме наведете)

☐ Нема претпочитање

5. Каква поддршка им е потребна за да ја подобрат нивната ситуација со вработување? (Проверете сѐ што се применува)

☐ Помош за барање работа (кариерен советувач или слично)

☐ Стручна обука или обука за вештини

☐ Финансиска поддршка

☐ Грижа за деца

☐ Друго (ве молиме наведете)

---

## Пристап до услуги

6. Какви услуги се достапни за да им помогнат (медицинска нега, правна помош, засолништа)?

7. Со какви предизвици се соочуваат при пристапот до услугите? (Проверете сѐ што се применува)

☐ Недостаток на информации

☐ Јазични бариери

☐ Страв од властите

☐ Дискриминација

☐ Недостаток на транспорт

☐ Цена на услуги

☐ Друго (ве молиме наведете):

8. Со какви предизвици се соочуваш ти/професионалците во давање на услуги на жртвата?

## Закани и безбедносни грижи

9. Дали претпоставените или жртвите од трговија со луѓе добиваат некакви закани за нивната безбедност?

10. Дали претпоставените или жртвите од трговија со луѓе имале негативни искуства со органите за спроведување на законот или други органи? Ако да дали може да ми кажеш повеќе за тоа.

## Поддршка за траума и ментално здравје

11. Дали на жртвите/преживеаните од трговија им биле понудени некои услуги за ментално здравје (терапија, советување)?

## Зајакнување и идни аспирации

12. Дали жртвите имаат цели и аспирации за иднината? Ако да, какви?

13. Што може да се направи за да се поддржат во постигнувањето на овие цели и аспирации?

14. Што може да се направи за ти/професионалците да можат да ја дадат потребната услуга?